КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул.Македонија бр.47/2, 1000 Скопје
Сметка бр. 30000003545580 Комерцијална банка
Даночен број: 4057013520328

До

Влада на Р.М. - Г-дин Драган Рашковски

Министерство за правда - Г-дин Хаџер

Министерство за Правда - Г-ѓа Шаурек

ПОДНОСИТЕЛ: Комора на проценувачи на Република Македонија

Предмет: Информација за преземени активности за измени и дополнување на Законот за процена

Почитувани,

Сакам да ве информирам дека по повеќемесечни подготовки, на 15.05.2018 г. Комората на проценувачи организира собир на кој се предлагаа и образложуваа предлозите за измените и дополнувањата на Законот за процена.

На расправата земаа учество 24 проценувачи при што најпрво се разговараше за пристигнатите писмени предлози за измени и дополнувања а потоа и за Законот во целина.

Учесниците имаа најголеми забелешки на неколку крупни проблеми и тоа:

1. Проблем со нееднаквоста на проценувачите, членови на Комората на проценувачи на Република Македонија (КПРМ) со сите други "повластени" проценувачи (проценувачи вработени во единиците на локалната самоуправа, банките, Бирото за судски вештачења и други проценувачи) кои добиваат лиценци без обврски да се пријават во КПРМ. Нееднаквоста се огледа во тоа што проценувачите кои се членови на КПРМ имаат обврска да плаќаат членарина, да посетуваат континуирана обука, да се осигураат од одговорност за причинета штета до 50.000 ЕВРА, да подлежат на проверки на изработените проценки и да сносат соодветни санкции ако при изготвувањето на проценките не се придржуваат на Законот, методологиите, меѓународните стандарди, кодексот и етиката и др.

2. Сегашниот бројот на области за процена (12+1) е многу голем. Проблемот со таквиот број се огледа во тоа што КПРМ и соодветните министерства се во законска обврска секоја година да одржуваат и организираат по две почетни обуки,



тел: 072/251-407, 3151477 | емаил: info@komoranaprocenuvaci.mk | web: www.komoranaprocenuvaci.mk

по два испита, по две континуирани обуки и други случувања (презентации, меѓународни собири, работилници по области и сл.). Ако сите овие активности ги распоредиме на 12+1 област, ке видиме дека практично нема време во текот на една календарска година сето ова да се организира и спроведе на ниво на кое треба да биде направено.

3. Одредбите од законот кои се однесуваат на избор на органи на управување не се доволно разработени за да може да се гарантира квалитетен и непристрасен избор на органите.

4. Сметаме дека изборот со ждрепка на членови на некои од комисиите е недозволив, посебно не кога нема и критериуми за услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за соодветните места. Сето тоа треба да се уреди со подзаконски акт, но да се насочи во Законот.

5. Начинот на полагање на испитот за проценувач зафаќа голем дел од законот иако повеќе регулира технички прашања. Полагањето треба да се уреди со подзаконски акт.

6. Предвидените санкции за сторени прекршоци се во фиксни износи. Сметаме дека треба да се остави можност санкциите да се одмеруваат во некој распон (пример: санкција за непочитување од 300 до 6000 ЕВРА). Санкциите треба да се одмеруваат поединечно, за секој конкретен случај.

7. Во повеќе места во законот се мешаат поимите “Овластен проценувач” и “Проценувач” (сопруга на Овластен проценувач и сл.),

Со предлогот за измени и дополнувања ќе бидат опфатени и други точки кои беа дискутирани на расправата или за кои се пристигнати предлози во писмена форма.

Ве известувам дека за релативно кратко време до Министерството за правда ќе доставиме предлог за измени и дополнувања на законот кој ќе биде изготвен од комисија од стручни лица кои имаат искуство и во проблематиката и во пишувањето на закони.

Скопје, 18.05.2018 год.

Претседател на КПРМ Скопје
Љупчо Шумантев д.м.и.